# ЗАКОН

## ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА (" KfW")

### Член 1

Република Македонија, како гарант, презема обврска да ги намири обврските по Договорот за заем по Проектот за мали и средни претпријатија, што ќе се склучи помеѓу Македонската банка за поддршка на развојот и Кредитната банка за обнова ("KfW") од Сојузна Република Германија, во износ од 15 милиони евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку Македонската банка за поддршка на развојот не го отплати заемот.

Владата на Република Македонија со Македонската банка за поддршка на развојот склучува договор за обезбедување на плаќањето на заемот.

### Член 2

Заемот од член 1 на овој закон ќе го отплатува Македонската банка за поддршка на развојот.

Сервисирањето на заемот ќе се врши од средствата кои ќе се формираат со отплата на заемот од страна на крајните корисници.

### Член 3

Средствата за заемот од Кредитната банка за обнова (" KfW"), ќе се користат за финансирање на развојот на мали и средни претпријатија.

Реализацијата на заемот ќе се врши преку одбрани комерцијални банки од Републиката, кои имаат овластувања и кои ќе ги исполнат условите и критериумите утврдени од страна на Кредитната банка за обнова (" KfW") од Сојузна Република Германија, а со кои Македонска банка за поддршка на развојот ќе склучи договори за подзаеми за користење на средствата од заемот.

### Член 4

Рокот за отплата на заемот од член 1 на овој закон е 11 години, во кој е вклучен и грејс период од три години.

Каматната стапка за заемот ќе се утврдува на денот на повлекувањето на средствата од заемот, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна (фиксна или променлива), плус провизија од 1,85%.

Заемот ќе се отплаќа во еднакви полугодишни рати, од кои што првата рата ќе пристигне за плаќање 36 месеци по потпишувањето на Договорот за заем.

На износот на заемот кој нема да се плати во предвидените рокови, ќе се плаќа затезна камата во износ од 2% годишно.

**Член 5**

Доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со Договорот за заем, во име на Македонската банка за поддршка на развојот како заемопримач, ги плати Република Македонија како гарант, Министерот за финансии по 30 дена од денот на извршување на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на носителот на платен промет да пренесе од сметката на корисникот на заемот, во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и трошоците.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".